МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 64**

---

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во август 2021 г.

**10**

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: **6**

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: **2**
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: **4**

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: **3**

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: **1**

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: **0**
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: **1**

**кај 6 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

---

**3 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

---

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МОН | 1 | 1 | 100% |
| МЗ | 2 | 1 | 50% |
| МЗШВ | 1 | 1 | 100% |
| МЕ | 3 | 1 | 33% |
| МП | 3 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 10 | 4 | 40% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од МЦМС со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен“ значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен“ значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на август 2021 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 август 2021 г., до Собранието беа поднесени вкупно 10 различни предлог-закони, и за сите 10 постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 10 предлог-закони, седум беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван за шест од нив, а статусот на ЕНЕР не е сменет во "Затворен" кај два од овие предлог-закони.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци, предложен од **Министерство за здравство,** Предлог – закон за паричната постапка, Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители, Предлог-закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, предложени од **Министерство за правда,** Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија предложени од **Министерство за економија.**

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за лекови, предложен од **Министерство за здравство,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, предложен од **Министерство за економија,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.**

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, предложен од **Министерство за образование и наука,** беше ставен на ЕНЕР за консултации но не беше испочитуван рокот за консултации од 20 дена.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство**

## Предлог- Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство

Целта на овој закон е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата, согласно начелото на оптшествена солидарност и да спречи можна виктимизаицја и секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат од односот на надлежните органи.

Според предлог-законот право на паричен надоместок има жртва државјанин на Република Северна Македонија како и странски државјанин која во времето на извршување на кривичното дело пропишано во овој закон престојувала на територијата на Република Северна Македонија, врз основа на принципот на реципроцитет или меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Дополнително, право на паричен надоместок има жртва без државјанство или жртва која е неевидентирано лице во матична книга на родени која во времето на извршување на кривичното дело престојувала на територијата на Република Северна Македонија. Право на паричен надоместок има жртва државјанин на земја членка на Европската унија, а тоа ќе се применува со пристапувањето на нашата држава во Европската унија. Право на надоместок има и жртва од трговија со луѓе и трговија со дете, согласно на овој закон. Во третата глава се уредени видовите паричен надоместок, а тое се: трошоци за лекување и медицински помагала; изгубена заработувачка; трошоци за погреб; изгубена издршка, и солидарна помош за претрпени последици од кривичното дело.

Клучен орган за спроведување на овој закон е Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Според член 24 од предлог-законот, оваа Комисија одлучува за правото на паричен надоместок и за определување на видот и висина на паричниот надоместокот на жртви од кривично дело со насилство. Комисијата е основана како независно тело со својство на правно лице. Комисијата е составена од пет члена, со мандат од четири години, при што еден член се избира од редот на невладините организации кои најмалку пет години работат на заштита на жртви во Република Северна Македонија, од Регистарот на здруженија од областа на социјална заштита кој го води Министерството за труд и социјална политика. Овој член се избира по предлог на Министерството за труд и социјална политика, со најмалку 10 години работен стаж во областа на заштита на првата на жртвите. Надлежните органи од членот 26 од овој предлог-закон во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон распишуваат оглас за избор на член во првиот состав на Комисијата согласно условите од член 26 од овој закон.

Според член 31 од предлог-законот, Комисијата е должна да изработи информативен материјал кој содржи информации за правата за паричен надоместок, условите и постапката за остварување на ова право. Дополнително, овој информативен материјал се доставува и до здруженија и фондации и други правни лица кои во вршењето на нивните работи стапуваат во контакт со жртви со кривични дела со насилство.

Членот 38 од предлог-законот пропишува дека постапката за остварување на паричен надоместок се поведува со поднесување на барање од страна на жртвата односно родителот или старателот, доколку жртвата е малолетна или нема деловна способност или нивниот полномошник.

Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објаввуањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува по истекот на шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.